Подобрувањето на управувањето со јавните финансии и зајакнувањето на среднорочното буџетирање за наредниот период преку редизајнирање на буџетската политика и фискална консолидација, се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија.

Покрај определбата за фискална консолидација и буџетски заштеди, продолжува поддршката на економијата со инвестиции на инфраструктурни проекти, редизајнирање на структурата на јавните финансии, зајакнување на транспарентноста и отчетноста, како и зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии.

Најважните стратешки приоритети согласно Одлуката за утврдување стратешки приоритети за 2024 година се:

- обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност;
- обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството;
- подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, градење на граѓанска држава со етничка и социјална кохезија, врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување.

Вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се планирани на ниво од 310,1 милијарди денари и истите се за 10% повисоки во однос на 2023 година, додека расходите се планирани на ниво од 343,6 милијарди денари или за околу 5,8% повисоки во однос на 2023 година.

Вака планираните приходи и расходи резултираат со намален буџетски дефицит во однос на 2023 година за околу 9,2 милијарди денари и истиот е проектиран во апсолутен износ од 33,5 милијарди денари или на ниво од 3,4% од планираниот БДП. Со проектираното ниво на буџетскиот дефицит се потврдува конзистентноста на фискалната политика, која е во согласност со среднорочната фискална рамка.

И покрај понискиот буџетски дефицит, преку буџетската потрошувачка се предвидува нормално функционирање на институциите, обезбедување на развојна компонента, како и алоцирање на неопходни средства за резерви за кризни состојби на ниво од околу 0,4 % од БДП. Со вака планираниот буџетски дефицит се овозможува исполнување на фискалното правило за буџетски дефицит од 3% од планираниот БДП, не вклучувајќи ги средствата за таргетираните мерки за најранливите категории.

Проекциите за приходите на Буџетот за 2024 година се базираат на следните претпоставки: реализација на приходите во тековната 2023 година, очекувања за економскиот раст и подобрување на ефикасноста и ефективноста на системот за наплата на јавните приходи.

За остварување на проекциите на приходите планирани се мерки и активности во насока на: намалување на даночната евазија преку спроведување на мерките за формализација на неформалната економија; воведување на напредни технологии; модернизација и автоматизација на работните процеси; зајакнување на капацитетите на институциите во насока на зголемена и поефикасна наплата на даночните приходи; како и зајакнување на институционалната координација.

На ваков начин преку оптимизација на даночниот систем се обезбедува праведен, ефикасен, транспарентен и современ даночен систем кој ќе се темели на современи дигитални технологиии и иновации во одаочувањето, во функција на постигнување на забрзан, инклузивен и одржлив економски раст.

Вкупните даночни приходи во Буџетот на РСМ, кои ги опфаќаат приходите по основ на данокот на добивка, данокот на личен доход, данокот на додадена вредност, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи и сопствените приходи на буџетските корисници, во Буџетот за 2024 година се проектирани во износ од 178,1 милијарди денари, што е за околу 10% над износот на приходи планиран за 2023 година. Истите учествуваат со 18,1% во БДП за 2024 година, што е приближно еднакво на учеството во претходната година.

Проекцијата на вкупните даночни приходи за 2024 година ги содржи и очекуваните фискални ефекти од имплементација на даночните реформи кај данокот на додадена вредност, данокот од добивка, данокот на личен доход, акцизите и данокот на моторни возила, кои се проценува дека ќе учествуваат со околу 0,7% во БДП за 2024 година.

Како изворни приходи на Буџетот, даночните приходи учествуваат со 57,4% во структурата на вкупни приходи на Централно ниво за 2024 година.

Во Буџетот за 2024 година, проектирано е повисоко ниво на остварување кај сите видови на даноци споредено за 2023 година.

Проектираниот раст на даночните приходи се должи, пред сè, на зголемувањето на даночната основа кај одредени видови на даноци како резултат на макроекономските проекции за номиналниот БДП, финалната потрошувачка, пораст на бројот на вработени и на просечната плата и зголемен увоз, како и врз основа на очекувањата за зголемена профитна позиција на компаниите и подобрена наплата на даночните приходи како резултат на спроведување на мерките за намалување на неформалната економија, засилена даночна контрола и поедноставување и дигитализација на даночните постапки, и понатамошна реализација на целите и приоритетите на Стратегијата за реформи на даночниот систем 2021-2027.

Притоа, најголем пораст е планиран кај приходите од данокот на личен доход кои е предвидено да изнесуваат 31,1 милијарди денари, што претставува 12,6% пораст во однос на 2023 година. Очекуваниот раст е базиран на зголемување на даночната основа по основ на доход од работен однос и од доход за повремено и привремено вршење на услуги, пораст на платите во јавниот сектор, раст на приходите од данокот на доход од капитал, како и зголемен број на даночни обврзници во системот на данок на личен доход по основ на намалена стапка на невработеност. Учеството на приходите по основ на данокот на личен доход изнесува 17,5% во вкупните даночни приходи за 2024 година и 3,2% во БДП.

Приходите од данокот на добивка се проектирани во износ од 19,5 милијарди денари, или 11,9% над планираните за 2023 година, што се должи на добрата реализација на овие приходи во 2023 година и проектираниот пораст на БДП во наредната година Приходите по основ на данокот на добивка учествуваат со 10,9% во вкупните даночни приходи за 2024 година и со 2% во БДП.

Приходите од данокот на додадена вредност со Буџетот за 2024 година се планирани на ниво од 80,7 милијарди денари, а што се должи на проектираниот пораст на финалната потрошувачка и

пролонгираните инфлаторни движења во економијата. Приходите по основ на данокот на додадена вредност учествуваат со 45,3% во вкупните даночни приходи за 2024 година и со 8,2% во БДП.

Табела бр.1 - Буџет на Република Северна Македонија (милиони денари)

Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година											
	2019	2020	2021	2022	Буџет 2023	Одлука 2023	Буџет 2024	разлика Буџет 2024-Буџет 2023	разлика Буџет 2023-одлука 2023	Б 2024/Б2023 (%)	Б 2023/Одлука 2023 (%)
ВКУПНИ ПРИХОДИ	**203,946**	**189,554**	**218,021**	**243,085**	**282,052**	**282,052**	**310,128**	**28,076**	**28,076**	**10.0**	**10.0**
Даночни приходи и придонеси	**178,894**	**173,464**	**196,317**	**220,186**	**250,688**	**253,205**	**279,044**	**28,356**	**25,839**	**11.3**	**10.2**
Даночни приходи	116,728	106,900	125,690	142,567	162,600	162,235	178,067	**15,467**	**15,832**	**9.5**	**9.8**
Данок на личен доход	18,706	18,625	20,552	23,852	26,500	27,635	31,116	**4,616**	**3,481**	**17.4**	**12.6**
Данок на добивка	11,554	10,497	10,871	15,776	14,700	17,404	19,483	**4,783**	**2,079**	**32.5**	**11.9**
ДДВ	52,059	46,893	58,194	64,764	78,500	72,477	80,698	**2,198**	**8,221**	**2.8**	**11.3**
Акцизи	26,087	22,450	25,548	25,483	29,200	27,736	30,969	**1,769**	**3,233**	**6.1**	**11.7**
Царини	6,033	6,738	8,480	9,973	10,700	11,348	12,124	**1,424**	**776**	**13.3**	**6.8**
Други даноци	674	510	641	670	730	3,730	1,101	**371**	**-2,629**	**50.9**	**-70.5**
Даночни приходи на сопствени смет	1,615	1,187	1,404	2,049	2,270	1,905	2,575	**305**	**670**	**13.4**	**35.2**
Придонеси	62,166	66,564	70,627	77,619	88,088	90,970	100,977	**12,889**	**10,007**	**14.6**	**11.0**
Придонес за пензиско осигурување	41,921	45,044	47,819	52,509	60,384	63,083	70,064	**9,680**	**6,981**	**16.0**	**11.1**
Придонеси за вработување	2,622	2,757	2,918	3,214	3,392	3,300	3,587	**195**	**287**	**5.7**	**8.7**
Придонес за здравствено осигурува	17,623	18,763	19,890	21,896	24,312	24,587	27,326	**3,014**	**2,739**	**12.4**	**11.1**
Неданочни приходи	**18,800**	**11,173**	**13,882**	**17,189**	**19,894**	**17,962**	**20,394**	**500**	**2,432**	**2.5**	**13.5**
Капитални приходи	**2,369**	**1,846**	**1,928**	**2,273**	**2,800**	**2,800**	**3,210**	**410**	**410**	**14.6**	**14.6**
Донации	**3,883**	**3,071**	**5,894**	**3,437**	**8,669**	**8,085**	**7,479**	**-1,190**	**-606**	**-13.7**	**-7.5**
ВКУПНИ РАСХОДИ	**217,447**	**243,421**	**256,906**	**278,596**	**324,810**	**324,811**	**343,638**	**18,828**	**18,827**	**5.8**	**5.8**
Тековни расходи	**199,634**	**227,306**	**233,498**	**249,959**	**276,059**	**279,834**	**298,459**	**22,400**	**18,625**	**8.1**	**6.7**
Плати и надоместоци	27,754	29,775	31,010	32,159	34,880	37,308	41,178	**6,298**	**3,870**	**18.1**	**10.4**
Стоки и услуги	16,265	15,423	20,110	21,001	23,631	22,596	25,113	**1,482**	**2,517**	**6.3**	**11.1**
Трансфери до ЕЛС	19,097	21,373	21,218	23,365	26,687	27,685	29,834	**3,147**	**2,149**	**11.8**	**7.8**
ДДВ дотација	2,216	2,342	2,238	2,910	3,764	3,562	4,349	**585**	**787**	**15.5**	**22.1**
блок дотации	16,881	19,031	18,980	20,455	22,923	24,123	25,485	**2,562**	**1,362**	**11.2**	**5.6**
Субвенции и трансфери	20,285	34,905	30,635	32,536	32,987	28,523	23,682	**-9,305**	**-4,841**	**-28.2**	**-17.0**
Социјални трансфери	108,131	117,799	121,439	131,758	144,951	150,606	161,842	**16,891**	**11,236**	**11.7**	**7.5**
Пензии	56,320	60,216	62,289	67,567	75,000	78,187	85,395	**10,395**	**7,208**	**13.9**	**9.2**
Транзициски трошоци	8,859	8,608	9,233	10,827	11,800	12,400	13,600	**1,800**	**1,200**	**15.3**	**9.7**
Надоместоци за невработени	1,472	1,576	1,388	1,282	1,526	1,526	1,526	**0**	**0**	**0.0**	**0.0**
Активни мерки за вработување	1,267	1,359	1,365	1,420	1,889	1,869	1,962	**73**	**93**	**3.9**	**5.0**
Социјални надоместоци	9,416	11,347	12,120	12,505	12,672	13,758	13,627	**955**	**-131**	**7.5**	**-1.0**
Здравствена заштита	30,797	34,693	35,044	38,157	42,064	42,866	45,732	**3,668**	**2,866**	**8.7**	**6.7**
Каматни плаќања	8,102	8,031	9,086	9,140	12,923	13,115	16,810	**3,887**	**3,695**	**30.1**	**28.2**
Капитални расходи	**17,813**	**16,115**	**23,408**	**28,637**	**48,751**	**44,977**	**45,179**	**-3,572**	**202**	**-7.3**	**0.4**
БУЏЕТСКО САЛДО	**-13,501**	**-53,867**	**-38,885**	**-35,511**	**-42,759**	**-42,759**	**-33,510**	**9,249**	**9,249**	**-21.6**	**-21.6**
ФИНАНСИРАЊЕ	**13,501**	**53,867**	**38,885**	**35,511**	**42,762**	**42,759**	**33,510**				
Прилив	**29,569**	**95,695**	**81,480**	**46,869**	**94,878**	**94,974**	**78,564**				
Домашни извори	19,669	37,307	23,689	15,587	33,626	51,124	40,263				
Странски извори	8,632	65,247	61,258	24,895	67,066	65,978	43,164				
Депозити ("-" е кумулирање на сметка)	1,268	-6,859	-3,467	6,387	-5,814	-22,128	-4,863				
Одлив	**16,068**	**41,828**	**42,595**	**11,358**	**52,116**	**52,215**	**45,054**				
Отплати на домашно задолжување	10,314	26,567	6,123	5,571	15,611	15,664	18,625				
од кои континуирани ДХВ	9,775	6,589	4,680	5,095	12,091	12,091	18,228				
Отплати на странско задолжување	5,754	15,261	36,472	5,787	36,505	36,551	26,429				
МЕМОРАНДУМ											
Нето домашно задолжување	9,345	10,730	17,566	10,016	18,015	35,460	21,638				
Нето домашно задолжување (континуирани	1,711	22,545	19,009	10,492	21,535	39,033	22,035				
Нето странско задолжување	2,578	49,496	24,786	19,108	30,561	29,427	16,735				
Примарно буџетско салдо	-5,399	-45,836	-29,799	-26,371	-29,836	-29,643	-16,700				
Примарно буџетско салдо, % од БДП	**-0.8**	**-6.8**	**-4.1**	**-3.3**	**-3.2**	**-3.3**	**-1.7**				
Буџетско салдо, % од БДП	**-1.9**	**-8.0**	**-5.4**	**-4.5**	**-4.6**	**-4.8**	**-3.4**				

Приходите по основ на акцизи е предвидено да изнесуваат 30,9 милијарди денари во 2024 година, или 11,7% над нивото на планираните приходи за 2023 година. Истите учествуваат со 17,4% во вкупните даночни приходи за 2024 година и со 3,2% во БДП.

Во Буџетот за 2024 година се проектирани приходи по основ на царински давачки, вклучувајќи ги и приходите од данокот на моторни возила, во износ од 12,1 милијарди денари, или 6,8% над планираниот износ за 2023 година. Учеството на овие приходи во вкупните даночни приходи планирани за 2024 година изнесува 6,8%, односно 1,2% во БДП.

Другите даночни приходи и сопствените приходи на буџетските корисници во Буџетот за 2024 година се планирани на износ од 3,7 милијарди денари, со што истите учествуваат со 2% во вкупните даночни приходи и 0,3% во БДП.

Главната цел на даночната политика и понатаму е постигнување на одржлив економски раст и развој и фискална консолидација на јавните финансии на среден рок, притоа обезбедувајќи правна сигурност за даночните обврзници и редовна наплата на јавните приходи, преку реализација на основните приоритети, и тоа:

- поголема праведност во оданочувањето, со цел да се обезбеди секој да ја исполнува својата општествена обврска и да го плаќа својот праведен удел од данокот;
- поголема ефикасност и продуктивност на даночниот систем за подобра наплата на приходите, преку поефикасна борба против нерегистрираните дејности и затајување данок и зајакнат институционален капацитет, како и намалување на заостанатите даночни обврски;
- зголемена даночна транспарентност, што вклучува подобрување на размената на нформации помеѓу даночните органи и други субјекти, која во прв ред ќе се заснова на електронски услуги, што ќе доведе до зголемена фискална писменост и поголема доброволна усогласеност;
- подобар квалитет на услугите, на начин кој ги поедноставува и забрзува постапките и го намалува административниот товар, преку повеќе дигитални услуги, подобро управување со издавањето увозно-извозни дозволи, елиминирање на непотребните нецарински бариери и подобра внатрешна и даночна контрола, и
- зелено оданочување, со цел стимулирање на даночните обврзници преку јавните давачките да придонесат за помало загадување, односно да се дестимулуираат да ја загадуваат животната средина.

Во Буџетот за 2024 година планирано е околу 20,4 милијарди денари да се остварат врз основа на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и 3,2 милијарди денари како капитални приходи (по основ на продажба на земјоделско земјиште и општествени станови, како и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком).


Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 101 милијарди денари или за 11 % на повисоко ниво во однос на 2023 година.

Во текот на 2024 година по основ на донации предвидени се 7,5 милијарди денари кои буџетските корисници е планирано да ги реализираат на сметките за сопствени приходи за конкретни проекти, како и повлекувањата од предпристапните фондови на ЕУ.

Вкупните расходи во Буџетот за 2024 година, планирани во износ од 343,6 милијарди денари, или за 5,8% повисоки во однос на 2023 година. Проекциите на расходите на Буџетот за наредната година се подготвени врз основа на следните претпоставки:

- економско заздравување и забрзан раст,
- усогласеност на проекцијата на приходите со планираните движења во економијата,
- продолжување на процесите за фискална консолидација, преку намалување на нивото на буџетскиот дефицит, како и продолжување на определбата на спроведување на дисциплинирана буџетска политика и зајакнат мониторинг на користење на буџетските средства,
- интензивирање на конвергенција на Република Северна Македонија кон ЕУ, преку усогласена законска регулатива,
- приоритетот за обврските кои произлегуваат од членството во НАТО,
- редовно и непречено извршување на сите законски обврски,
- непречено спроведување на изборните активности,
- поддршка на домашната економија, приватниот сектор и граѓаните,
- зголемена и забрзана реализација на инфраструктурните проекти, привлекување на странски инвестиции и иновативност на домашните компании и друго.

Графикон бр. 5. Расходи на Буџет на РСМ за 2024 година по функционални области (како % од вкупни расходи)



Извор: Министерство за финансии

Тековните расходи за 2024 година се планирани во износ од 298,5 милијарди денари или за 7% повеќе во однос на 2023 година, пред се наменети за редовна исплата на плати на вработените во јавниот сектор, навремена и редовна исплата на пензии, гарантиран минимален приход и останати социјални права, исплата на субвенции во земјоделството, поддршка на малите и средните претпријатија, поддршка и субвенционирање на иновативните активности, како и алоцирање на средства за таргетирана поддршка на ранливи категории на граѓани и стопанството.

Во рамки на тековните расходи предвидени се:

а) Расходите за исплата на плати се проектирани на ниво од 41,2 милијарди денари и споредено со 2023 година истите се планирани на повисоко ниво за околу 10%, во чии рамки се рефлектира целосно спроведување на одредбите на Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор. Во проектираната маса на плати не е земено во предвид зголемување на бројот на вработени во јавната администрација, односно новите вработувања може да се реализираат првенствено преку мобилност и преземање на вработени од други институции од јавниот сектор само на ниво на централен буџет или преку пополнување на испразнети работни места по сите основи. На ваков начин во делот на плати се имплементирани донесените владини мерки и препораки за рационализација и оптимизација на вработените во јавниот сектор врз основа на функционална анализа, а со цел зголемување на мотивот за професионално, квалитетно и исполнување на работните задачи.

б) Расходите за стоки и услуги се проектирани во износ од 25,1 милијарди денари, со задржување на нивното учество од околу 7,3% во структурата на вкупните расходи, а притоа се обезбедуваат средства за непречено функционирање на институциите. Дополнително, во рамки на оваа категорија планирани се средства за спроведување на изборните активности. Воедно, обезбедени се неопходните средства за исполнување на обврските кои произлегуваат од НАТО стандардите.

в) Тековните трансфери и субвенции се планирани на ниво од 215,3 милијарди денари, односно повеќе за околу 4% во однос на 2023 година и се однесуваат на:

- Социјалните трансфери кои се проектирани во износ од 161,8 милијарди денари и тоа:
  - за исплата на пензии планирани се 85,4 милијарди денари, согласно воспоставената методологија на пресметка на пензиите, според која усогласувањето на пензиите се врши според движењето на индексот на трошоците за живот во висина од 50% и пораст на просечно исплатена плата за сите вработени во висина од 50%, а со цел да се овозможи пристоен животен стандард на пензионерите,
  - за исплата на надоместоци за социјална заштита на најранливите слоеви на населението наменети се средства во износ од околу 13,6 милијарди денари. Во овие рамки опфатени се

корисници во системот за социјална заштита преку гарантиран минимален приход, како и обезбедување на средства за социјална сигурност на старите лица. Дополнително, во категоријата за социјални трансфери планирани се околу 1,5 милијарди денари за таргетирани мерки за најранливите категории на граѓани.
- за исплата на паричен надоместок во случај на невработеност планирани се средства во износ од 1,5 милијарди денари,
- за спроведување на активни политики и мерки за вработување планирани се 1,9 милијарди денари, кои се насочени кон креирање на програми, мерки и услуги за вработување за да се подобри функционирањето на пазарот на трудот, создавањето на нови работни места, вработување на млади лица, поддршка за вработување на лица со попреченост, овозможување на корисниците на гарантирана минимална помош (ГМП), при што работоспособните членови на домаќинството да се вклучат во активните програми и мерки за вработување.

- Здравствената заштита е планирана е на ниво од околу 45,7 милијарди денари, средства кои ќе се реализираат преку Фондот за здравствено осигурување. Најголем дел од планираните средства се наменети за финансирање на здравствените услуги, исплата на обврски на јавните здравствени установи, како и обезбедување на средства за зголемени плати за сите вработени во јавното здравство согласно Општиот колективен договор.
- Земјоделските субвенции обезбедуваат поддршка на земјоделскиот сектор, со цел зголемување на домашното растително и животинско производство, стимулирање на приносите, зголемување на продуктивноста и конкурентноста, како и амортизирање на ценовните притисоци на основните прехрамбени производи преку Интервентниот фонд. Во текот 2024 година ќе се спроведуваат новите модели за субвенционирање на земјоделството со нови критериуми на доделување на субвенции (основна субвенција и дополнителна поддршка), со цел зголемување на производството на храна, која ќе се базира на остварениот принос. Со новиот модел се дава приоритет на стратешки важните култури и производи за државата.
- Субвенции за приватен сектор, наменети за поддршка на мали и средни претпријатија, зголемување на конкурентноста, иновативна дејност, технолошки развој и истражување, нови инвестициски вложувања, поддршка на извозот и освојување на нови пазари, поддршка за создавање на нови вработувања и слично. Внимание е посветено и на родово одговорните буџетски политики, меѓу другото, и преку финансиска поддршка на женското претприемништво, како и поддршка за жени во земјоделскиот сектор.
- Трансфери до ЕЛС се планирани во износ од 29,8 милијарди денари наменети за финансирање на пренесените надлежности на општините и дотација до општините.
  - Во 2024 година, по основ на планирано зголемување на процентот на приходите од ДДВ кои се распределуваат на општините од 4,5% на 6% од наплатениот ДДВ во претходната година, обезбеден е пораст на општата дотација кон општините за 787 милиони денари во споредба со 2023 година, а со цел зголемување на фискалниот капацитет на општините. Истите ќе се распределуваат во три дела и тоа: основен дел (4,5%), дел за перформанси (0,75%) и дел за вооедначување (0,75%). Делот за перформанси ги наградува општините што имаат подобра реализација на сопствени приходи во споредба со планираните сопствени приходи и повисока наплата на сопствени приходи во тековната година во споредба со просекот од реализираните сопствени приходи во претходните три години. Делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините поради ограничен капацитет на ресурси, односно општините коишто имаат пониски приходи од данокот на личен доход по жител добиваат дополнителни средства.
  - Блок и наменските дотации до општините се наменети за финансирање на материјални расходи и исплата на плати на вработените во институциите со пренесени надлежности на ЕЛС, односно плати на вработените во училиштата, градинките, домовите за стари лица, културните установи и пожарникарите.
  - Дополнителното зголемување од 2,6 милијарди денари е наменето за финансирање на зголемените плати во институциите на локално ниво кои се финансираат со блок и наменски дотации и исплата на регрес за годишен одмор кои произлегуваат од Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор, како и за финансирање на материјалните расходи на институциите кои се финансираат преку блок дотација.

Капиталните расходи се планирани на ниво од 45,2 милијарди денари, за финансирање на инвестициите при што се обезбедуваат средства од повеќе извори и тоа: буџетски средства, ИПА фондови и заеми.

Истите се наменети за реализацијата на веќе започнатите инфраструктурните проекти, односно за инвестициски вложувања во патната и железничката инфраструктура, енергетската и комуналната инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.

Во текот на 2024 година се планира: со буџетски средства во износ од околу 15,1 милијарди денари планирани се значајни инвестициони вложувања во областа на патната инфраструктура, поврзани со проектирање и изградба на дел од Коридор 8 планирањето, проектирањето, изградбата и употребата на Коридорот 8, Делницата: Тетово -Гостивар/проширување на автопат, изградба на нов автопат Требеништа – Струга – Ќафасан, изградба на делница Гостивар-Букојчани и како и Коридорот 10 д, делницата Прилеп – Битола. Дополнително, преку ЈПДП во делот на патна инфраструктура ќе се изготви физибилити студија за изградба на патот Тетово-Призрен.

Во 2024 во делот на патната инфраструктура ќе продолжи изградбата на источниот дел од патниот коридор 8 преку делницата Ранковце-Крива Паланка, финансирана со заем од Свестка банка и делницата Крива Паланка до границата со Бугарија, финансирана со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР и грант средства од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ. Во 2024 година ќе се финансира и западниот дел од патниот коридор 8 преку изградба на автопатска делница Кичево-Букојчани, со заем од ЕБОР и делницата Кичево-Охрид, со заем од ЕКСИМ банка.

Исто така со заем од ЕБОР ќе се финансира изградбата на автопатската делница Скопје-Блаце (граница со Косово), додека подобрувањето на патната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија ќе се реализира преку Проектот за поврзување на локални патишта, финансиран со заеми од Светска банка. Во оваа област, во 2023 година продожува реализацијата на Програмата за национални патишта, финансирана со заем од ЕБОР.

Воедно, во 2024 година ќе продолжат и активностите за реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, кој е дел од регионалната иницијатива на Светска банка, од каде се обезбедени средствата за негово финансирање.

Во текот на 2024 година предвидени се средства за продолжување на реализацијата на првата и втората фаза од проектот за изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката пруга - Коридор VIII - делница Куманово - Бељаковце - Крива Паланка, финансирана од ЕБОР. Покрај со заем од ЕБОР и со грант средства од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ, во рамките на проектот предвидени се активности за подобрување на технички карактеристики на пругата, изградба и рехабилитација на мостови, железнички станици, стојалишта, подвозници и надвозници. Во 2024 година ќе започне реализацијата на третата фаза за изградба на источниот дел од железничката пруга - Коридор VIII - делница Крива Паланка - граница со Бугарија, која ќе се финансира со заеми од ЕБОР и Европската инвестициона банка - ЕИБ, како и грант средства од Инвестициската рамка за Западен Балкан - ВБИФ и ИПА средства.

Во рамки на железничката инфраструктура, во 2024 година во соработка со ЕБОР ќе се подготвува и спроведува проектот со кој е предвидено изградба на заеднички железнички граничен премин со Република Србија, односно изградба и опремување на железничка станица Табановце.

Преку ИПА средства се имплементира проектот за изградба на патната делница Градско - Дреново, како дел од патниот правец на Коридор Xd.

Во областа на комуналната инфраструктура и управување со отпад ќе се продолжи со интензивирана динамика на изградбата на водоводните и канализационите системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од новата кредитната линија од ЕИБ. Исто така, значаен капитален проект кој ќе се реализира во оваа област е Регионалниот проект за цврст отпад кој ќе се финансира со заем од ЕБОР и со кој е предвидвидено развој и воспоставување на регионални системи за управување со отпад во следните избрани региони на Република Северна Македонија: Југозападен регион, Полошки регион, Вардарски и Југоисточен регион. Со заеми од ЕИБ и ЕБОР, како и грант од ЕУ инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ, во 2024 година ќе се финансира еден од поголемите капитални проекти во земјата, а тоа е Пречиситителната станица за отпадни води во Скопје.

Во 2024 година во соработка со Светска банка ќе започне новиот проект за одржлив развој на општините преку кој ќе продолжи поддршката на Владата на општините согласно досега воспоставената структура за имплементација.Во 2024 година со заем од Светска банка ќе продолжи реализацијата на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор со кој ќе се финансираат енергетски ефикасни проекти во општините, како и јавни здравствени установи на централната власт.

Преку ИПА средства ќе се поддржи рехабилитација и надградба на колекторскиот систем во Скопје, рехабилитација и надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителни станици во Кичево, Битола и Тетово, како и воспоставување на регионален систем за управување со отпад и затворање на депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Уредување на технолошко индустриските развојни зони преку изградба на потребната инфраструктура и објекти и геомеханички истражни работи.

За здравствениот сектор планирани се инвестиции наменети за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, набавка на медицинска опрема и реконструкција на Општа болница во Кичево.

За образованието, детската заштита и спортот проектирани се капитални инвестиции, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите и инвестиции во спортска инфраструктура.

Во областа на образованието, со заем од КФВ банката ќе продолжи реализацијата на Проектот за реконструкција на студентските домови, а ќе се продолжи и со реализацијата на активностите кои се дел од Проектот за изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта во Република Северна Македонија, финансиран со заем од ЦЕБ, грант средства од ЕУ инструментот Инвестициска рамка за Западен БалканВБИФ и национално кофинансирање со цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

За да се подобрат условите за учење во основното образование во земјата, со заем од Светска банка ќе продолжи финансирањето на реализацијата на Проектот за унапредување на основното образование. Со цел подобрување на пристапот до социјалните права и услуги, како и проширување на капацитетите за предучилишно згрижување и воспитување преку изградба на нови објекти и пренамена/надградба на постоечката инфраструктура на предучилишни институции, во 2024 година продолжува реализацијата на Проектот за администрирање на социјалното осигурување финансиран со заем од Светска банка. Исто така,продолжува Проектот за унапредување на социјалните услуги , финансиран со заем од Светска банка. Имајќи ги предвид позитивните ефекти од имплементација на првиот проект, во 2024 година во соработка со Светска банка ќе започне Вториот проект за унапредување на социјалните услуги.

Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвидени се значителни капитални инвестиции кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства.

Со заем од Светска банка и ЕУ грант средства ќе продолжи Проектот за модернизација на земјоделството, при што предвидена е изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи ширум државата, како и развој на систем за безбедно отстранување на нуспроизводи од животинско потекло.


Преку Светска Банка се планира нов проект за одржлив развој за општините, средстаата ќе бидат наменети за капитални проекти за општините.

Исто така, во 2024 година планирано е реализација на Програмата за наводнување на Северна Македонија, која се финансира со заем од КфВ и истата опфаќа рехабилитација и проширување на 4 системи за наводнување по долината на реката Вардар (Страиште, Лисиче, Коњско и Пепелиште), како и изградба на мали хидро централи на ХС Лисиче.

Во областа на правосудството, во 2024 година во рамки на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа, ќе започне реализацијата на притворско одделение, затворено одделение и на централна економска единица во КПД Идризово.

Во насока на реформи во јавните финансии, подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање и извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, подобрување на наплатата на приходите, зајакнување на системот на јавни набавки, внатрешна и надворешна контрола и транспарентно известување, во 2023 година ќе отпочнатактивности за подготовка ивоведување на интегриран систем за управување со финансиски информации, интегриран систем за управување со даночни информации и систем за управување со информации за државна помош,кои ќе се финансираат со заем од Светската банка и грант средства од ЕУ. Целокупниот процес на реформи во јавните финансии ќе значи воведување на концептот на SMART Finance (Стратешки, Одржливи, Одговорни, Реформски и Транспарентни), односно јавни финансии што ќе поддржат забрзан економски раст на среден и долг рок, во рамки на фискална одржливост и макроекономска и финансиска стабилност, раководејќи се според принципот на „паметни финансии“ (Smart Finance for SmartER Growth).

Графикон бр. 6. Капитални Расходи на Буџет на РСМ



Извор: Министерство за финансии

Проектираниот дефицит за 2024 година во износ од од 33,5 милијарди денари како и отплатата на долгот во износ од 45 милијарди денари (од кои за надворешен долг во износ од 26,4 милијарди денари и за домашен долг во износ од 18,6 милијарди денари) ќе се финансираат преку домашно и странско задолжување.

Отплатата на главнина по основ на надворешен долг во износ од 26,4 милијарди денари го вклучува редовното сервисирање на обврските кон странските кредитори: Обврзница - НСВ во износ од 13,8 милијарди денари, ММФ во износ од 5,4 милијарди денари, ИБРД во износ од 2,9 милијарди денари, ЕБРД во износ од 1,6 милијарди денари, ИДА во износ од 0,9 милијарди денари, ЦЕБ 0,6 милијарди денари, ЕИБ во износ од 0,5 милијарди денари и остатокот од 0,7 милијарди денари кон други билатерални кредитори (ИФАД, КфВ, Јапонската банка за меѓународна соработка и други.)

Отплатата на главница по основ на домашен долг во вкупен износ од 18,6 милијарди денари се однесува на отплати на 3-годишни, 5-годишни и 10-годишни државни обврзници во износ од 18,2 милијарди денари, и отплата на обврзници за денационализација во износ од 0,4 милијарди денари. Останатите долгорочни обврзници кои се со рочности од 2, 15 и 30 години немаат доспевања во 2024 година.

Домашното задолжување е предвидено на ниво од 39,7 милијарди денари, а ќе се обезбеди преку задолжување со ДХВ и/или домашен заем. Со задолжување на домашниот пазар ќе се обезбеди финансирање под поволни услови, користејќи ги поповолните каматни стапки. Едновремено, со цел оптимизација на портфолиото на ДХВ, а во насока на намалување на ризикот за рефинансирање, основна заложба на Министерството за финансии ќе биде и зголемување на рочноста на портфолиото на ДХВ.

Задолжувањето во странство може да се реализира со издавање на должнички хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал, преку повлекување на заем од ЕУ за макрофинансиска поддршка, заем од банката за развој при Совет на Европа и преку повлекување на средства од поволни кредити од странски финансиски институции и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти и буџетски дефицит. Притоа, изборот на извор за финансирање ќе се темели на поволните тековни состојби на меѓународните пазари на капитал. Со цел да се управува прудентно со јавните финансии, Министерството за финансии ќе ја разгледа можноста за активно управување со должничкото портфолио преку операции на предвремен откуп на долг и употреба на финансиски деривативи за минимизирање на ризичниот порфил на должничкото портфолио.

Државниот долг на Република Северна Македонија на 30.9.2023 година изнесува 6.936,4 милиони евра, односно 48,2% од БДП, додека јавниот долг на 30.9.2023 година изнесува 8.032,6 милиони евра, односно 55,8% од БДП. Согласно со Стратегијата за управување со јавен долг на Република Северна Македонија за 2024-2026 (со изгледи до 2028 година), државниот долг на крајот на 2024 година ќе забележи благо зголемување и ќе изнесува 53,4%, додека јавниот долг се очекува да биде 63,2%.

Со цел постојано унапредување на финансискиот пазар на државни хартии од вредност и следење на светската практика, Министерството за финансии во текот на 2023 година, за прв пат издаде Граѓанска и Зелена обврзница, а поради пројавениот интерес ќе се продолжи со нивно издавање и во 2024 година. Во 2024 година ќе се продолжи да се работи на диверзификација на изворите на финансирање и воведување на нови видови на финансиски инструменти кои ќе имаат различна примена, и тоа:

„Развојни обврзници“, за поефикасен развој на финансиските пазари, со крајна цел унапредување на пазарот на државни хартии од вредност, во идниот период се планира воведување нов инструмент на среден рок, таканаречен „Развојни обврзници“, којшто ќе биде индексиран, со што ќе се поттикне финансирањето на развојните проекти во земјата, а со тоа ќе се овозможи раздвижување на финансиските пазари во Република Северна Македонија. Овој тип финансиски инструмент, може да носи одреден купон и ќе биде првично наменет за населението односно за физичките лица, со можност да биде достапен и за банките, пензиските фондови и другите учесници на финансискиот пазар. Дополнително, воведувањето на овој инструмент е во согласност со Стратегијата за денаризација на Република Северна Македонија, со што инвеститорите ќе добијат нова можност за управување на нивното портфолио и заштита од ризици.

„Проектни обврзници”, ќе претставуваат алтернативен начин за финансирање на проекти поврзани со инфраструктура. Проектните обврзници ќе нудат можност институционалните инвеститори да учествуваат во инфраструктурни проекти преку котирани хартии од вредност кои можат да се тргуваат и кои можат да понудат супериорни приноси прилагодени на ризикот.

Очекувани резултати

- Фискалната политика за 2024 година е во функција на натамошна консолидација, реструктуирање и оптимизирање на јавните приходи и расходи со намалување на нивото на буџетскиот дефицит и јавниот долг, поттикнување на економската активност преку капиталните расходи и инфраструктурните инвестиции.
- Реализацијата на капиталните расходи и инфраструктурните проекти во приоритетните области, во согласност со владините политики, ќе генерира позитивни мултипликативни ефекти врз економскиот раст на среден рок и ќе ја забрза реалната економска конвергенција кон европските економии.
- Таргетирана буџетска поддршка за најранливите категории на граѓани и стопанство во насока на зачувување на животниот стандард на граѓаните и ликвидноста на фирмите.
- Диверзификација на изворите на финансирање и оптимизирање на трошоците на позајмување.
- Со Планот за раст за Западен Балкан се дава поддршка за економска интеграција на земјава во единствениот пазар на ЕУ, понатаму зајакнување поврзаноста на заедничкиот регионален пазар, забрзување на фундаменталните реформи и зголемување на финансиската помош за поддршка на реформите преку Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.
- Зачувувањето на макроекономската стабилност и фискалната одржливост како предуслов за создавање на поволни услови за економската активност.

ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија кои се преземаат за реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на Република Северна Македонија.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање.

Планираните средства обезбедуваат имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

А.ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет е еден од приоритетите кои произлегуваат од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУ и Рамковниот договор. Унапредувањето на фискалната децентрализација е во целосна согласност и со Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа (1985) која е прифатена со Декларација и ратификувана од страна на нашата држава во 1997 година.

Децентрализацијата на власта од централно на локално ниво официјално започна од 1 јули 2005 година, согласно Законот за локална самоуправа кој беше донесен во 2002 година. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кој е донесен во 2004 година се уредува финансиското работење на општините, како и фазниот пристап на фискалната децентрализација. Втората фаза од процесот на фискалната децентрализација започна од 1 јули 2007 година со оценување на општините за влез во втора фаза. Фазниот пристап за пренесување и управување со материјалните и финансиските ресурси за пренесените надлежности во образованието, културата, детската и социјална заштита е завршен, односно сите општини (освен Пласница) финансирањето го вршат со блок дотации.

Како еден од приоритетите кои се наведени во Програмата на Владата на Република Северна Македонија за период 2020-2024 година е и продолжување на процесот на децентрализација. Со ова ќе се настојува да се обезбеди дополнителна демократизација на општеството, поефикасно и поекономично обезбедување и испорачување на услугите, но и засилен локален развој. Целта е надлежностите да се пренесат на нивото на управување (власт) коешто е најблиско до граѓаните, кое што може најефективно да ги извршува, со соодветни финансиски средства и загарантирана вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуките

Преземените надлежности во повеќе области од страна на општините го зголемија административниот и фискален капацитет и ги зајакнаа капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства. Со успешно администрирање и наплата на сопствените приходи продолжува процесот на пораст на сопствените приходи на општините и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на пренесените надлежности и управувањето со финансиските средства и другите ресурси потребни за нивно извршување. Дополнително, општините успешно администрираат нови надлежности на управување со градежното земјиште, постапување со бесправно изградени објекти со соодветно обезбедување на приходи.

Успешното спроведување на фискалната децентрализација со целосно воспоставена законска и институционална рамка на локалната самоуправа, обезбедува развиени, одговорни и функционални единици на локалната самоуправа и ниво на локална демократија што ги приближува граѓаните до институциите на локалната самоуправа.

Во Извештајот на Европската Комисија за 2021 година за Република Северна Македонија е дадена позитивна забелешка во однос на напорите на Владата која дополнително ја зголеми фискалната транспарентност. Во извештајот се потенцира дека во 2020 година, Министерството за финансии на својата веб-страница започна да ги објавува консолидирани податоци за извршувањето на буџетот на општините. Ова е важен чекор кон решавање на слабостите во управувањето со јавните финансии од страна на локалните власти.

Во Извештајот на Европската Комисија за 2022 година за Република Северна Македонија Земјата е дадена забелешка дека треба да го финализира реформскиот процес на системот на локална самоуправа. Измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа имаат за цел обезбедување дополнителни финансиски средства за општините и зајакнување на управувањето со јавните финансии на локално ниво. Врз основа на ова, Владата треба да напредува со севкупната реорганизација на надлежностите помеѓу централно и поднационално ниво.

Во рамките на Буџетот на РСМ, Програмата А-Децентрализација се реализира преку потпрограмите А0-Децентрализација и А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините се врши преку ресорните министерства во дејностите на образование, култура, детска заштита и згрижување на стари лица со блок дотации и противпожарна заштита со наменска дотација, а согласно критериумите утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Преку потпрограмата А0 - Децентрализација до сите општини во 2024 година се трансферира 6% од наплатениот Данок на додадена вредност во претходната фискална година, како општа дотација од ДДВ. Распределбата по општини се врши согласно критериуми утврдени во Уредба, која на

предлог на Министерството за финансии ја донесува Владата. Со последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, обезбедените средства се распределуваат во три дела и тоа: Основен дел – 4,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, дел за перформанси - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и дел за воедначување - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Делот за перформанси ќе ги награди општините што имаат подобра реализација на приходите во споредба со планираните приходи и повисока наплата на сопствените приходи, додека Делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините, односно општините коишто имаат пониски приходи поради ограничен капацитет на ресурси добиваат дополнителни средства.

Преку Програмата А2 - Пренесување на надлежности на ЕЛС до општините се трансферираат блок и наменски дотации и тоа:

- Со цел извршување на воспитно - образовниот процес во основните и средните училишта, Министерството за образование и наука, преку Програмата А2, обезбедува една наменска дотација и 79 блок дотации за основно образование, а 38 општини добиваат блок дотации за средно образование. Обезбедените средства секоја општина ги распределува на своите единки корисници за покривање на платите и надоместоците на вработените и покривање на материјалните и другите трошоци од работењето на основните и средните училишта.
- За згрижување и воспитување на деца, Министерството за труд и социјална политика, преку Потпрограмата А2, на 67 општини трансферира блок дотации за детски градинки и центри за ран детски развој. Во четири општини каде има установи за згрижување на стари лица им се доделуваат блок дотации за домови за стари лица.
- Министерството за култура, преку Програмата А2, на 30 општини им трансферира блок дотација која е наменета за финансирање на програмски активности за пренесената надлежност од областа на културата од локален интерес, односно реализација на активности од музичко сценска и уметничка дејност, библиотекарство, музејска и кинотечна деност и реализирање на културни манифестации.
- Министерството за одбрана, наменската дотација за противпожарна заштита, преку Програмата А2, ја трансферира на 34 општини (33 Територијални противпожарни единици и на Територијалната противпожарна бригада на Град Скопје). Со наменската дотација се исплаќаат платите и надоместоците на професионалните пожарникари.

Распределбата на блок и наменските дотации се врши согласно Уредби во кои се пропишува методологијата за утврдување на критериумите

за распределба на блок и наменски дотации, кои на предлог на надлежните министерства ги усвојува Владата.

(Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на работниците. Во рамки на оваа програма се обезбедени средства за реализација на активни мерки за вработување, со опфат на различни целни групи кои потешко можат да се вклучат на пазарот на трудот, вработување на деца без родители и родителска грижа, како и за проектот за субвенционирање на придонеси за поддршка на плати.

В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Северна Македонија како полноправен член на НАТО Алијансата. Во рамки на оваа програма се обезбедени средства за опремување и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија која се стреми да биде вооружена сила, интероперативна и компатибилна со останатите земји членки на НАТО и ќе има оперативни способности за одбрана на земјата и учество во колективните безбедносни системи на НАТО и Европската Унија.

Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е да се продолжи со реформата во судството преку имплементација на стратегијата во правосудниот сектор, реализација на владините мерки во насока на владеење на правото и продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд.

Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

бр.158 од 09.12.2010 година), додека за прашањата кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002 година) и Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РМ, бр.102 од 22.05.2019). За успешно и организирано функционирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа се изготвува и носи Годишен план за работа на инспекторатот со кој се предвидени основните активности, мерки и начинот на нивното извршување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Подигнувањето на квалитетот и ефикасноста во работењето, континуитет во примена на принципот на законитост и супсидијарност, транспарентност, јавност и отчетност, принцип на еднаквост, непристрасност и објективност, самостојност и независност и превенција. Имено, зајакнувањето на јавната и институционалната перцепција за работата и позицијата за инспекторатот како високо професионална, стручна и квалитетна државна институција и ефикасно спроведување и засилување на целокупниот систем на постојана правна заштита при вршење на редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори. Основна цел на инспекторите е примена на начелото на превенција, при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот. Целите на инспекторатот се да се обезбеди поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и за унапредување на нивната законитост, правилна примена на законските прописи од страна на субјектот на инспекциски надзор.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	8.327	10.626	7.199	9.694	8.490
Број на вработени	13	13	8	8	6
Просечна месечна бруто плата по вработен	33.618	43.462	51.354	63.333	75.722
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	630	804	871	1.187	1.376

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на извршени инспекциски надзори	1.189	959	1.300	1.200	650

19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво е орган на државна управа, чија основна цел е поттикнување, помагање и одржување на националниот идентитет на иселениците од Република Северна Македонија, преку негување на македонскиот јазик и култура на иселениците во средините каде живеат, како и интеграција во општествениот живот на Република Северна Македонија преку нивно вклучување во јавниот и економскиот живот.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните цели на Агенцијата се во насока на унапредување на положбата и правата на иселениците од Република Северна Македонија, поттикнување на културниот развој на иселениците, информирање на иселениците со состојбата во Република Северна Македонија и унапредување на врските со нив и нивните организации, создавање на услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економскиот живот во Република Северна Македонија, како и остварување контакти во земјата со припадници на македонските иселеници преку одржување на системска мрежа со единиците на централната власт, локалните власти и заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Инпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Вкупен Буџет (илјади денари)	17.183	19.130	21.858	21.097	20.544
Број на вработени	20	20	15	14	14
Просечна месечна бруто плата по вработен	40.395	51.833	57.561	65.476	72.494
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	853	944	1.254	1.474	1.459

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Број на деца кои посетуваат настава по мајчин јазик	/	100	130	92	100

19302 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е самостоен и независен државен орган, со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК). Преку своите надлежности и функции, Агенцијата го афирмира, унапредува и штити правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како уставно загарантирано право во Република Северна Македонија. Агенцијата

пред се' ја има централната улога во развојот на политики за транспарентност кај т.н. имателите на информации, односно сите институции кои трошат буџетски средства, кои имаат јавни овластувања или кои вршат дејност од јавен интерес. Понатаму, Агенцијата: се грижи за подобрување и зајакнување на законодавството во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер, води сметка за опфатот, толкувањето и соодветната примена на ЗСПИЈК, врши едукативни активности за примената на ЗСПИЈК, се грижи за подигнување на свеста околу слободниот пристап до информации од јавен карактер како уставно и законско право на граѓаните и како обврска на јавните органи, одлучува како второстепен орган во посебна управна постапка, преку која директно влијае на начинот на кој јавните органи го овозможуваат остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, одржува континуирана соработка со сродни институции и партнери на домашно и меѓународно ниво, со цел хармонизирање на правото на слободен пристап со правото на Европската Унија и други релевантни интернационални чинители.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Клучните цели и приоритети се насочени кон континуирана заштита и промовирање на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку подигнување на свеста на барателите на информации и едукативни активности насочени директно спрема нив, намалување на молкот на управата и зголемување на (про)активната транспарентност, спроведување ефективни мерки за мониторинг и следење на имплементацијата на ЗСПИЈК и подобрување на практичната примена на ЗСПИЈК преку измени и дополнувања на политиките и праксата, базирани на докази; јакнење на институционалниот капацитет и јавната препознаеност на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, преку: воспоставување стабилни механизми за унапредување на знаењата и вештините на вработените во Агенцијата, зајакнување на видливоста на Агенцијата како релевантен чинител во јавниот дискурс, унапредување на соработката со надворешни и интернационални чинители, примена на современи алатки и решенија за поефективна комуникација и побрзо обезбедување на услуги и надградба на информацискиот систем.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	12.246	16.423	18.973	19.588	19.406
Број на вработени	19	21	21	21	21
Просечна месечна бруто плата по вработен	43.209	42.857	42.936	56.944	63.032
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	630	632	655	851	898

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***

Број на пријавени жалби	764	640	343	800	800

20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи е самостоен орган на државна управа надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозни групи со државата. Основни функции на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи се: доследно спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските кои произлегуваат од него; унапредување и промоција на верскиот соживот; унапредување на положбата на верските субјекти во општеството; создавање услови за еднаков третман на сите верски субјекти; остварување на правата на верските субјекти кои произлегуваат од позитивните законски прописи; вклучување и поддршка на средношколските и високошколските образовни институции на МПЦ-ОА и ИВЗ во државниот образовен систем на Република Северна Македонија; издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на државата; давање мислења за донации од јавен интерес кои се наменети за верските субјекти и нивните потреби; придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти; создавање на клима на дијалог; афирмација на верските вредности на државата; промоција на мултиконфесионалниот карактер на државата како пример за почитување на различните вери и верски соживот; достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи; следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата; следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите; следење на работата на верските субјекти; сервисна ориентација кон потребите на верските субјекти; поддршка на активните манастири; унапредување и поддршка на црковните и други верски општини во дијаспората; унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера како Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и други соодветни чинители и реализирање на заеднички проекти.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и конструктивна соработка со регистрираните

цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции“ и три цели: „Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка; Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка; Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници“. Реализацијата на наведните приоритет и цели КОВЗРГ ќе ги оствари преку повеќе активности, иницијативи и проекти предвидени во Годишниот план за 2024 година, кои ќе дадат особен придонес во развој на состојбите и прашањата кои се релевантни во областа на делување.

Инпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Вкупен Буџет (илјади денари)	10.970	11.588	13.858	11.275	11.571
Број на вработени	15	15	11	11	11
Просечна месечна бруто плата по вработен	41.645	42.194	44.480	54.984	62.591
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	614	684	771	934	977

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Решенија за издавање одобренија за престој на странски верски лица	140	100	121	160	160

21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности ги врши работите на управувањето со податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, одржување на катастар на недвижности, востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти, основни геодетски работи, геодетски работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, премерот и одржување на државната граница на Република Северна Македонија, топографските карти, масовна проценка на недвижностите, воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, водење на Регистар за просторни единици, улици и куќни броеви, и др. Активностите на Агенцијата се насочени кон дигитално одржување на катастарските планови, интеграција на графичката со алфанумеричката база на податоци, ажурирање на векторизирани архивски оригинали, воведување на електронска архива и Скен центар, ефикасно опслужување на потребите и барањата на сите категории на корисници на јавните

услуги на Агенцијата, нов пристап до просторните информации и нивен мониторинг и намалување на просечното време за решавање на предмети.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетни цели на Агенцијата за катастар на недвижности за 2023 година се: зголемување на задоволство и довербата на корисниците; обезбедување на точна и навремена информација до корисниците; информирање на јавноста, преку промоција на услугите, со што корисниците ќе знаат кои услуги може да ги добијат од АКН, за колку време и за кој износ; организирање и одржување на обуки за професионалните корисници; подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности; воедначување на податоците во документите каде што носител на правото на сопственост се јавува Република Северна Македонија; унифицирање на податоците во базите на податоци; изготвување на геодетски елаборати за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги; одржување на МАКПОС системот; одржување на националните геодетски референтни мрежи и нивно поврзување со мрежите од соседните земји; воспоставување на точки од комбинираната геодетска мрежа (мрежа од нулти ред); обновување и погустување на нивелманската мрежа од висока точност; создавање предуслови за ставање во официјална примена на европскиот ETPC89 координатен систем; изработка на топографски и наменски карти и карти по НАТО стандарди; координирање на НИПП активностите во Република Северна Македонија; ласерско скенирање (ЛиДАР) на преостанатиот дел од територијата на Република Северна Македонија; реинженеринг на код и редизајн на кориснички интерфејс на системот електронскиот катастар; реинженеринг на компоненти на системска/ апликациска архитектурата и редизајн и модернизација на веб кориснички и управувачки интерфејс на ОССП- дистрибутивен систем на АКН.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен буџет (илјади денари)	562.120	648.500	648.553	723.597	654.656
Број на вработени	851	860	836	815	770
Просечна месечна бруто плата по вработен	35.564	36.337	38.050	42.126	48. 085
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	559	646	663	782	816

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Процент на територија на РСМ со дигитално одржување на катастарски планови	98,91%	99,41%	99,59%	99,80%	99,80%
Процент на ажурирани имотни листови во однос на вкупниот број од 1.754.093	85%	90%	93%	95%	95%

неажурирани имотни листови					
Процент на поднесени електронски барања преку е-шалтер	80%	80%	85%	88%	88%

22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика е самостојна стручна управна организација чија што основна дејност е развој, производство и продукција на статистички податоци за потребите на широк круг на корисници (Влада, научна заедница, локална самоуправа, и други). Државниот завод за статистика го координира статистичкиот систем на земјата во кој покрај Заводот учествуваат уште други осум овластени носители. Државниот завод за статистика исто така е главен носител на меѓународната статистичка соработка.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

Тековно реализирање на меѓународните проекти, продолжување со трендот на намалување на оптовареноста на извештајните единици и зголемено користење на административни извори на податоци, реализација на Петгодишна програма за периодот 2023-2027 и донесување на планираните статистички стандарди.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	382.587	579.675	211.491	212.357	239.006
Број на вработени	245	237	228	225	233
Просечна месечна бруто плата по вработен	40.520	41.463	41.155	46.598	51.996
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	545	661	678	762	804

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на реализирани статистички истражувања	229	229	229	229	229

24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Северна Македонија е современа архивска институција со статус на управна организација, чија специфичност е во тоа што го прима, заштитува, обработува, публикува и го дава на користење архивскиот материјал создаден при работењето на сите институции што постојат во државата (државни органи, јавни установи, здруженија на граѓани и физички и правни лица). Согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот архив

на Република Северна Македонија се основа како управна организација со својство на правно лице и во негов состав не се предвидени никакви други орган.

Основни надлежности и функции на Државниот архив на Република Северна Македонија се преземање на архивски материјал и водење на евиденција и инспекциски надзор кај имателите на архивски материјал, средување и обработка на архивски материјал на приоритетно одбрани фондови што се наоѓаат во Државниот архив, чување, стручно одржување и преземање техничко технолошки мерки за заштита на архивскиот материјал.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритети и цели на Државниот архив се надзор и стручна помош и заштита на архивски материјал кај имателите, изградба на Дигитален архив на Државниот архив, сукцесија на архивски материјал од поранешната држава СФРЈ и меѓународна соработка, популаризација на архивската дејност и унапредување на позицијата на Државниот архив.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	135.585	154.203	158.197	170.168	187.019
Број на вработени	282	288	287	281	281
Просечна месечна бруто плата по вработен	34.030	35.274	35.429	40.477	45.432
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	462	508	524	578	633

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на направени посети за инспекциски надзор кај имателите	890	890	855	900	890

25001 БИРО ЗА ПРОЦЕНА
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за процена е орган на државна управа во состав на Министерство за правда, со својство на правно лице. Бирото врши стручни работи од областа на вештачењата и супер вештачењата за потребите на судовите и јавните обвинителства во Република Северна Македонија, за потребите на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва основани од државата, физичките и правните лица, како и за други субјекти за кои е потребно да се изврши вештачење. Бирото ги врши и работите на процена согласно со закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритет на Бирото за процена: квалитетно, стручно и навремено изготвување на вештачења, супер вештачења, процени и стручни анализи. Стратешки цели на Бирото за процена се: Подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени и Поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка. Во 2024 година Бирото планира да врши стручни работи од областа на вештачења, супер вештачења и процени, односно да ги спроведе следните активности и проекти: стручно изработени вештачења и супер вештачења, квалитетно изработени стручни анализи и процени, реализација на петто Стручно Советување за Сообраќајно-технички вештачења и размена на искуство со врвни експерти од Европа од областа на Сообраќајно-технички вештачења, со цел поголема ефикасност и ефективност во вештачењата од оваа област, континуирана професионална едукација со цел подобрување на стручноста кај вештите лица и проценители во изготвување на вештачења и проценки. Целта на планираните активности и проекти е: подобрување на квалитетот и професионалноста во изготвување на вештачења и процени, поголем придонес во навремено извршување на судските пресуди во граѓанска и кривична постапка, зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството и бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото. Планираните активности и проекти предвидено е да се реализираат преку јакнење на административниот капацитет, континуирана професионална едукација и надградба на информатички технологии и опрема.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	34.302	42.962	36.805	45.412	43.095
Број на вработени	35	35	33	30	30
Просечна месечна бруто плата по вработен	39.526	40.505	41.869	48.227	52.486
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	972	1.170	1.087	1.445	1.380

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на завршени предмети за вештачење	1.623	1.680	1.744	1.900	1.900

26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Македонската академија на науките и уметностите е институција која ги поттикнува и организира научните, академските и уметничките потфати на нејзините членови и го охрабрува користењето на најсовремените научноистражувачки методологии и научни информации и резултати од најновите истражувања. Академијата работи и на развивање на меѓународната соработка во разни научни и применети истражувања, интердисциплинирани истражувачки проекти и преку организирање на научни конференции и симпозиуми, објавување на резултати од научни истражувања и преку организирање настани од разни уметнички области.

Академијата работи и на развивање на меѓународна соработка со разни научни и уметнички институции. Како независна научна и уметничка институција, Академијата ги постигнува целите преку фундаментални, развојни и применети истражувања, интердисциплинарни истражувачки проекти, организирање на научни конференции и симпозиуми, објавување на резултати од научни истражувања и, организирање настани од разни уметнички области како и реализација на обемна издавачка програма.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Академијата како институција од особено значење на Република Северна Македонија, има три главни стратешки цели и тоа реализација на научноистражувачки и уметнички проекти, реализација на меѓународна соработка и размена и организирање на научни собири.

Македонската академија на науките и уметностите во 2023 година предвидува да работи врз нови национални проекти финансирани од Фондот за научни и уметнички дејности на Академијата како и меѓународни научноистражувачки проекти. Во текот на 2023 година се очекува проактивен пристап во градењето на национални ставови за прашања од национален и стратешки карактер за државата.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	163.020	188.330	171.405	203.451	190.060
Број на вработени	71	70	70	68	63
Просечна месечна бруто плата по вработен	50.427	53.452	49.193	58.529	60.719
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	2.084	2.044	1.908	2.185	2.272

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на научно-истражувачки и	78	78	72	72	79

уметнички проекти

28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој е орган на државната управа во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице. Со него раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Надлежно е за имплементирање на политиката за рамномерен регионален развој донесена од Министерството за локална самоуправа согласно целите на економската политика на Владата на Република Северна Македонија, преку имплементација на проекти за намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони, со цел остварување на рамномерен и одржлив развој на регионите. Бирото дава стручна поддршка на Центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа согласно закон.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност, реализација на активности во рамките на приоритетните групи на мерки утврдени во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, зголемување на ефикасноста во искористувањето на доделените средства за промовирање на рамномерниот регионален развој, натамошно унапредување на соработката со Центрите за развој на планските региони и обезбедување стручна помош на институциите инволвирани во остварување на политиката за рамномерен регионален развој, реализација на проекти за развој на плански региони, села, подрачја со специфични развојни потреби и урбани подрачја согласно склучени договори, теренски посети, активности за трансформација на Бирото за регионален развој во Агенција за регионален и локален развој, донесување на нов закон за рамномерен регионален развој, спроведување на проектот „Компјутерската моќ станува зелена-Го Грин“.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен Буџет (илјади денари)	338.832	468.009	606.963	577.142	591.693
Број на вработени	24	28	25	30	27
Просечна месечна бруто плата по вработен	32.963	35.354	45.200	41.112	50.811
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	556	572	797	709	830

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на финансирани проекти	58	130	0	40	40

29010 СУДСКА ВЛАСТ
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Судскиот совет на РСМ е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции. Судовите во РСМ судската власт ја вршат самостојно и независно и судат врз основа на Уставот и законите и ратификуваните меѓународните договори. Во судскиот систем судската власт ја вршат Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови. Академијата за судии и јавни обвинители е јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители и континуирана обука и унапредување на знаењата на судиите и јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, обука на субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, вршењето на аналитичка дејност од областа на правосудната теорија и практика, во согласност со закон и меѓународните закони и принципи.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Целите и функциите на судската власт во 2024 година се насочени кон непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ, како и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен буџет (илјади денари)	1.880.208	2.156.116	2.342.277	2.741.376	2.827.933
Број на вработени	2.862	2.861	2.814	2.758	2.758
Просечна месечна бруто плата по вработен	45.108	47.635	51.243	60.420	68.752
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	620	664	730	895	964

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на слушатели кои посетувале почетна и континуирана обука во	4.800	5.002	5.574	5.000	5.100

тековната фискална година					
Број на решени предмети во една фискална година	520.000	615.000	590.897	615.000	610.000

31010 ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Јавното обвинителство се организира според принципите на хиерархија и субординација и функциите ги врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува човековите права и слободи и се грижи за ефикасност на кривично-правниот систем.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на на Јавното обвинителство на Република Македонија за 2024 година се во насока на развивање на ефикасен систем за заштита и почитување на темелните вредности на општеството; унапредување и надградување на јавнообвинителската функција; континуирано опремување и кадровско екипирање на истражните центри во јавните обвинителства; унапредување, надградување и кадровско зајакнување на јавнообвинителската служба; исполнување на критериумите за членство во ЕУ во областа на јавното обвинителство; унапредување на односите и соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план со другите јавни обвинителства; унапредување на информатичко-комуникациските технологии во јавното обвинителство; континуирана надградба, следење и примена на новите технолошки достигнувања; воспоставување на механизам за успешна соработка со носителите на ИПА проектите во кои јавното обвинителство е корисник.

Инпут индикатори 2024	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	
Вкупен буџет (илјади денари)	538.164	574.361	607.132	742.656	870.413
Број на вработени	534	549	546	556	556
Просечна месечна бруто плата по вработен	58.431	58.463	60.345	75.382	91.012
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	868	989	1.030	1.293	1.537

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Број на иницирани постапки врз основа на поднесени пријави	32.164	33.100	32.408	35.000	35.000

31011 СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е орган кој ја обезбедува и гарантира самостојност на јавните обвинители во извршување на нивната функција, постапува по поплаки и претставки на граѓани за работата на јавните обвинители, следи и врши оценка на работата на јавните обвинители, а врз основа на тоа одлучува за стручноста, односно нестручноста и несовесноста во вршењето на функцијата јавен обвинител.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Советот со одлука го определува бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства, врши избор и разрешува јавни обвинители, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оценка на нивната работа согласно Законот за јавно обвинителство, одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства, поднесува извештај за својата работа, дава мислење по закони од областа на делокругот на работата на Советот, дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, дава мислења по закони од областа на делокругот на работата на Советот, дава мислење на Владата на Република Северна Македонија по предлог за именување и разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители и спроведува постапка за избор на јавен обвинител за времено упатување во друго јавно обвинителство преку јавен оглас.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е самостоен државен орган кој се стреми кон поплнување на празните јавно обвинителски места, и одлучува за одговорноста во постапувањето на јавните обвинители,и разрешување на истите, се со цел обезбедувајки ефикасен систем за заштита и почитување на темелните вредности на општеството, пополнување на кадрите во службата, се со цел ефикасно функционирање, унапредување на информатичко комуникациските технологии и обезбедување на интероперабилност помеѓу Советот и јавните обвинителства, комплетно техничко опремување и интеграција на ИТ системите, со замена на старата инфраструктура со нова имплементација на истата.

Инпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Вкупен буџет (илјади денари)	0	22.686	23.539	24.720	33.275
Број на вработени	0	18	15	17	17
Просечна месечна бруто плата по вработен	0	92.593	101.372	121.176	141.887
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	0	1.250	1.397	1.631	1.904

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Постигнат број на претставки	200	171	182	200	250

31101 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Народниот правобранител е орган на Република Северна Македонија кој ги промовира и штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа, од органите на единицата на локалната самоуправа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, како и врши и други работи утврдени со друг закон.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се или може да бидат лишени од слобода. Оваа институција благодарение на својата специфичност од 2018 година е носител на функциите на Механизам за граѓанска контрола преку кој го контролира постапувањето и евентуалната прекумерна примена на сила при постапувањето на полициските службеници, Механизмот за деца и лица со попреченост и национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Народниот правобранител во 2024 година се во насока на промоција на човековите права и јакнење на свеста кај граѓаните, но и на државните институции како одговорни органи за спроведување на препораките на Народниот правобранител за потребата од јакнење и почитување на корпусот човекови права утврден со низа домашни и меѓународни инструменти преку

доследно спроведување на новиот Закон за Народен правобранител, како и воспоставување на одржливи форми на промотивни активности; спроведување активности во однос на новите надлежности на НП: Национален превентивен механизам, Пријател на судот, Механизам за граѓанска контрола, Механизам за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција; заштита на човековите права и основни слободи со примена на начелото на соодветна и правична застапеност, како и почитување на правото на ранливите и маргинализирани групи граѓани, децата и лицата со посебни потреби; спроведување на проектни активности за подобрување на системот за правна заштита во врска со азил и натурализација; зајакнување на видливоста и капацитетите на регионалните канцеларии, воспоставување ефикасен систем на заштита на локално ниво, како и продлабочување на конструктивниот дијалог со органите на државната управа со цел имплементирање и почитување на дадените препораки.

Инпут индикатори	**2020**	**2021**	**2022**	**2023**	**2024**
Вкупен буџет (илјади денари)	75.790	83.022	79.998	95.150	105.262
Број на вработени	86	83	89	93	99
Просечна месечна бруто плата по вработен	52.832	56.730	49.862	59.139	65.794
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	868	972	844	978	1.013

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Постигнат број на претставки	3.700	3.100	3.209	2.500	3.000

66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фондот ги спроведува прописите и политиката на развојот и унапредувањето на здравственото осигурување и здравствената заштита. Во негова надлежност е планирањето и прибирањето на средства од задолжителното здравствено осигурување и обезбедување на правата на осигурените лица-ги плаќа здравствените услуги и надоместоците на плати на осигурените лица, ги утврдува цените на здравствените услуги за кои министерот за здравство дава согласност, ги утврдува референтните цени на лекови и медицински помагала, договара обезбедување на здравствени услуги, развива сопствен информативен систем, спроведува меѓународни договори, врши увид и контрола на обезбедени здравствени услуги, одлучува за правата од задолжителното здравствено осигурување во прв степен и

други работи во врска со правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Фондот во 2024 година се во насока на одржување на финансиската стабилност на Фондот и финансиска стабилизација на целокупниот здравствен систем, континуирано и квалитетно задоволување на потребата од лекови, полесен и подобар пристап на осигурениците до потребните здравствени услуги и лекови, подобрување на транспарентноста, унапредување на буџетскиот процес, и договарање и преговарање со здравствените установи.

Инпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Вкупен буџет (илјади денари)	35.221.567	35.592.920	38.718.689	43.510.000	46.386.000
Број на вработени	880	870	813	786	786
Просечна месечна бруто плата по вработен	35.853	36.868	36.525	45.059	49.083
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	538	597	658	761	779

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Број на извршени контроли (контрола на придонеси, партиципација и плати, боледувања, лекувања во странство, контрола во јзу, специјални болници, аптеки и приватни ординации)	2.090	5.000	3.685	7.950	8.000
Број на склучени договори со пзу, јзу и аптеки	3.555	3.900	3.695	3.770	3.800
Процент на учество на приватните трошоци за здравство во вкупните здравствени трошоци на земјата	45	45	39.1	под 45%	под 45%

66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги за учесниците на пазарот на трудот. Агенцијата врши услуги за задоволување на потребите на пазарот на трудот, како за работодавачите, така и за

невработени лица, а се однесуваат на евиденции од областа на трудот, размена на трудот и остварување на права во случај на невработеност.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година Агенцијата ќе продолжи со редовна исплата на правата по основ на невработеност-паричен надоместок, придонес за пензиско и здравствено осигурување. Исто така ќе продолжи да ги спроведува активните мерки за вработување согласно оперативен план на Владата за 2024 година. Инвестиционите активности ќе бидат насочени кон реконструкција и реновирање на центрите за вработување.

Инпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Вкупен буџет (илјади денари)	3.283.568	3.825.000	3.302.966	3.837.500	3.913.130
Број на вработени	539	535	485	494	494
Просечна месечна бруто плата по вработен	32.598	34.829	34.273	39.980	42.869
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	490	538	609	618	663

Аутпут индикатори	*2020*	*2021*	*2022*	*2023*	*2024*
Број на невработени на кои им се обезбедуваат парични надоместоци по основ на невработеност	16.431	15.390	11.144	9.100	8.518
Број на корисници на мерките на оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот	12.696	11.512	11.553	14.536	16.000

66004 ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување на сите осигуреници во Република Северна Македонија и се врши исплата на пензии и парични надоместоци на корисниците на правата. Фондот ги применува прописите од пензиското и инвалидското осигурување, врши усогласување на пензиите согласно законот, врши распределба на придонесот помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови и го унапредува информациониот систем како техничка поддршка во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетни цели во работењето на Фондот во 2024 година се: редовна и навремена исплата на пензиите и другите права од пензиското и инвалидското

осигурување, усогласување на пензиите согласно законските прописи, навремена распределба на придонесите помеѓу Фондот и приватните пензиски фондови, редовно и навремено обезбедување на податоци за уплатените придонеси од УЈП за утврдување на стажот и платите на осигурениците во матичната евиденција на Фондот, квалитетна, брза и навремена услуга на клиентите, доследна примена на прописите од пензиското и инвалидското осигурување, унапредување на информациониот систем, како и подобрување на условите за живеење на пензионерите во домовите со кои стопанисува Фондот.

Инпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Вкупен буџет (илјади денари)	77.209.965	80.657.000	87.607.969	100.748.500	110.504.020
Број на вработени	536	537	536	523	523
Просечна месечна бруто плата по вработен	39.945	40.891	40.094	49.713	52.106
Оперативни расходи по вработен (илјади денари)	711	807	851	912	907

Аутпут индикатори	***2020***	***2021***	***2022***	***2023***	***2024***
Број на подготвени решенија за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување	27.806	30.325	31.749	22.000	31.500
Број на пензионери на кои им се исплаќа пензија	326.295	330.211	335.743	331.241	333.170
Број на деца попречени во психофизичкиот развој за кои се учествува во партиципација на трошоците за сместување	110	110	70	110	108

Преглед на наменски и блок дотации за пренесени надлежности по општини за 2024 година

Реден број	ОПШТИНИ	Наменски дотации за основно образование	Блок дотации за образование		Блок дотации за дејности од областа на културата	Блок дотации за социјалната заштита		Наменски дотации за пожарникари	ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА	ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА
			Основно образование	Средно образование		Детска заштита	Домови за стари лица			
1	Арачиново	0	126.987.000	0	0	12.044.000	0	0	0	139.031.000
2	Берово	0	108.460.000	43.000.000	5.278.000	31.599.000	7.962.000	11.227.660	11.227.660	196.299.000
3	Битола	0	570.066.000	341.000.000	13.324.220	133.986.000	19.773.000	24.700.851	24.700.851	1.078.149.220
4	Богданци	0	53.329.000	41.000.000	3.995.810	15.415.000	0	0	0	113.739.810
5	Боговиње	0	220.699.000	0	0	6.029.000	0	0	0	226.728.000
6	Босилово	0	98.894.000	0	0	4.837.000	0	0	0	103.731.000
7	Брвеница	0	121.574.000	0	0	7.345.000	0	0	0	128.919.000
8	Валандово	0	101.136.000	31.500.000	7.087.080	28.909.000	0	6.175.213	6.175.213	168.632.080
9	Василево	0	98.256.000	0	0	13.462.000	0	0	0	111.718.000
10	Вевчани	0	24.748.000	0	0	6.148.000	0	0	0	30.896.000
11	Велес	0	345.984.000	120.000.000	14.246.050	86.678.000	0	26.721.830	26.721.830	566.908.050
12	Виница	0	148.327.000	50.500.000	8.078.980	29.519.000	0	6.736.596	6.736.596	236.424.980
13	Врапчиште	0	226.650.000	24.000.000	4.254.250	9.392.000	0	0	0	264.296.250
14	Гевгелија	0	147.380.000	71.000.000	8.428.420	66.630.000	0	11.227.660	11.227.660	293.438.420
15	Гостивар	0	573.643.000	285.000.000	0	56.280.000	0	18.188.809	18.188.809	914.923.000
16	Градско	0	44.229.000	0	0	0	0	0	0	44.229.000
17	Дебар	0	172.107.000	59.500.000	0	32.864.000	0	3.143.745	3.143.745	264.471.000
18	Дебрца	0	47.858.000	0	0	0	0	0	0	47.858.000
19	Делчево	0	128.908.000	47.000.000	7.074.340	29.878.000	0	13.473.191	13.473.191	212.860.340
20	Демир Капија	0	43.829.000	0	5.288.010	11.988.000	0	0	0	61.105.010
21	Демир Хисар	0	72.919.000	25.500.000	3.585.400	11.886.000	0	5.052.447	5.052.447	113.890.400
22	Дојран	0	34.837.000	0	0	4.360.000	0	0	0	39.197.000
23	Долнени	0	184.546.000	37.500.000	0	0	0	0	0	222.046.000
24	Желино	0	232.701.000	0	0	0	0	0	0	232.701.000
25	Зелениково	0	44.441.000	0	0	0	0	0	0	44.441.000
26	Зрновци	0	25.868.000	0	0	5.765.000	0	0	0	31.633.000
27	Илинден	0	127.220.000	37.000.000	0	31.034.000	0	0	0	195.254.000
28	Јегуновце	0	102.679.000	0	0	9.448.000	0	0	0	112.127.000
29	Кавадарци	0	328.954.000	143.000.000	25.671.100	93.319.000	0	20.209.787	20.209.787	590.944.100
30	Карбинци	0	60.261.000	0	0	5.119.000	0	0	0	65.380.000
31	Кичево	0	425.104.000	150.000.000	2.394.210	30.660.000	0	17.964.255	17.964.255	608.158.210
32	Конче	0	41.719.000	0	0	4.451.000	0	0	0	46.170.000
33	Кочани	0	226.639.000	118.000.000	9.137.310	64.729.000	0	10.104.894	10.104.894	418.505.310
34	Кратово	0	72.846.000	30.000.000	10.015.460	17.331.000	0	6.961.149	6.961.149	130.192.460
35	Крива Паланка	0	164.433.000	63.000.000	0	36.269.000	0	14.034.574	14.034.574	263.702.000
36	Кривогаштани	0	54.143.000	0	0	6.505.000	0	1.908.702	1.908.702	60.648.000
37	Крушево	0	72.839.000	24.500.000	2.771.860	10.856.000	0	6.736.596	6.736.596	110.966.860
38	Куманово	0	781.757.000	380.000.000	13.427.050	127.826.000	21.587.000	12.350.426	12.350.426	1.324.597.050
39	Липково	0	266.059.000	45.000.000	0	19.983.000	0	0	0	331.042.000
40	Лозово	0	31.182.000	0	0	5.555.000	0	0	0	36.737.000
41	Маврово и Ростуше	0	104.461.000	21.000.000	0	0	0	0	0	125.461.000
42	Македонски Брод	0	59.722.000	24.000.000	5.168.800	13.297.000	0	9.206.681	9.206.681	102.187.800
43	Македонска Каменица	0	73.681.000	27.500.000	0	16.673.000	0	1.684.149	1.684.149	117.854.000
44	Могила	0	64.065.000	0	0	0	0	0	0	64.065.000

Преглед на наменски и блок дотации за пренесени надлежности по општини за 2024 година

Реден број	ОПШТИНИ	Наменски дотации за основно образование	Блок дотации за образование		Блок дотации за дејности од областа на културата	Блок дотации за социјалната заштита		Наменски дотации за пожарникари	ВКУПНО НАМЕНСКА ДОТАЦИЈА	ВКУПНО БЛОК ДОТАЦИЈА
			Основно образование	Средно образование		Детска заштита	Домови за стари лица			
45	Неготино	0	168.242.000	61.000.000	9.619.610	42.514.000	0	8.982.128	8.982.128	281.375.610
46	Новаци	0	40.391.000	0	0	4.406.000	0	0	0	44.797.000
47	Ново Село	0	96.675.000	0	2.570.750	6.229.000	0	0	0	105.474.750
48	Охрид	0	360.703.000	180.000.000	0	67.741.000	0	5.613.830	5.613.830	608.444.000
49	Петровец	0	96.264.000	0	0	8.984.000	0	0	0	105.248.000
50	Пехчево	0	47.289.000	0	3.759.210	16.459.000	0	0	0	67.507.210
51	Пласница	2.500.000		0	0	0	0	0	2.500.000	0
52	Прилеп	0	546.113.000	285.000.000	11.766.300	108.599.000	16.657.000	25.823.617	25.823.617	968.135.300
53	Пробиштип	0	117.681.000	39.500.000	6.185.270	39.009.000	0	7.410.255	7.410.255	202.375.270
54	Радовиш	0	229.503.000	56.000.000	6.704.880	38.140.000	0	6.175.213	6.175.213	330.347.880
55	Ранковце	0	44.164.000	0	0	0	0	6.175.213	6.175.213	44.164.000
56	Ресен	0	142.737.000	37.800.000	4.159.610	19.993.000	0	7.073.426	7.073.426	204.689.610
57	Росоман	0	46.425.000	0	0	9.611.000	0	0	0	56.036.000
58	Старо Нагоричане	0	61.469.000	0	0	0	0	5.052.447	5.052.447	61.469.000
59	Свети Николе	0	135.456.000	48.000.000	13.495.300	42.472.000	0	5.726.106	5.726.106	239.423.300
60	Сопиште	0	61.248.000	0	0	8.574.000	0	0	0	69.822.000
61	Струга	0	521.746.000	195.000.000	0	34.005.000	0	9.094.404	9.094.404	750.751.000
62	Струмица	0	393.473.000	152.000.000	16.979.690	98.860.000	0	16.167.830	16.167.830	661.312.690
63	Студеничани	0	196.373.000	0	0	0	0	0	0	196.373.000
64	Теарце	0	171.015.000	0	0	9.477.000	0	0	0	180.492.000
65	Тетово	0	691.921.000	519.000.000	0	93.445.000	0	22.567.596	22.567.596	1.304.366.000
66	Центар Жупа	0	71.805.000	19.000.000	0		0	0	0	90.805.000
67	Чашка	0	102.246.000	0	0	5.398.000	0	0	0	107.644.000
68	Чешиново-Облешево	0	64.261.000	0	0	8.724.000	0	0	0	72.985.000
69	Чучер - Сандево	0	77.717.000	0	3.129.490	8.016.000	0	0	0	88.862.490
70	Штип	0	289.230.000	195.000.000	6.176.170	124.941.000	0	11.227.660	11.227.660	615.347.170
71	Аеродром	0	391.636.000	0	0	188.462.000	0	0	0	580.098.000
72	Бутел	0	344.021.000	0	0	71.026.000	0	0	0	415.047.000
73	Гази Баба	0	489.719.000	0	0	128.959.000	0	0	0	618.678.000
74	Ѓорче Петров	0	228.895.000	0	0	84.381.000	0	0	0	313.276.000
75	Карпош	0	410.643.000	0	0	179.438.000	0	0	0	590.081.000
76	Кисела Вода	0	348.864.000	0	0	162.222.000	0	0	0	511.086.000
77	Сарај	0	360.472.000	0	0	15.091.000	0	0	0	375.563.000
78	Центар	0	305.430.000	0	0	173.555.000	0	0	0	478.985.000
79	Чаир	0	525.991.000	0	0	153.820.000	0	0	0	679.811.000
80	Шуто Оризари	0	220.215.000	0	0	9.051.000	0	0	0	229.266.000
81	Град Скопје	0	0	1.925.200.000	187.542.370	0	0	162.801.064	162.801.064	2.120.758.370
Вкупно		**2.500.000**	**15.456.173.000**	**5.952.000.000**	**421.315.000**	**3.059.671.000**	**65.979.000**	**527.700.000**	**530.200.000**	**24.963.154.000**

Член 2

Приходите на Буџетот на Република Северна Македонија по видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдуваат во билансот на расходи.

Приходите на централниот буџет по извори и видови на приходи се утврдуваат во билансот на приходи, а расходите на централниот буџет по основни намени и извори се утврдуваат во билансот на расходите по економска класификација, билансот на расходите по организациона класификација, билансот на расходите по функционална класификација, расходи по владини програми и развојни проекти.

Биланс на приходи на Буџетот на Република Северна Македонија по ставки

во илјади денари

		356.736.000	365.518.767	5.581.112	6.576.527	4.835.566	6.179.141	388.691.113
Категорија / Ставка	**О П И С**	Приходи на Основен буџет и фондови за 2023 година	**Б У Џ Е Т 2024**					
			Приходи на Основен буџет и фондови		Приходи од самофинансирачки активности	Приходи од заеми	Приходи од донации	Вкупно приходи
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**248.419.000**	**276.469.000**	**782.000**	**1.793.041**	**0**	**0**	**279.044.041**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	41.200.000	50.599.000	277.500	0	0	0	50.876.500
712	Придонеси за социјално осигурување	88.089.000	100.977.000	0	0	0	0	100.977.000
714	Домашни даноци на стоки и услуги	107.700.000	111.667.000	362.000	977.630	0	0	113.006.630
715	Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки)	10.700.000	12.124.000	0	0	0	0	12.124.000
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	730.000	1.102.000	142.500	815.411	0	0	2.059.911
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**8.741.995**	**9.164.995**	**4.799.112**	**4.783.486**	**0**	**0**	**18.747.593**
721	Претприемачки приход и приход од имот	260.000	150.000	250	0	0	0	150.250
